Приватна високообразовна установа
- Висока стручна школа
ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр. 02-452/1
04.10 2023 год.
СКОПЈЕ

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО - ЗВАЊЕ ВО ОБЛАСТА НА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ-ДИПЛОМАТИЈА НА ПВУ-ВСШ „ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА", СКОПЈЕ**

Со одлука бр. 02-431/1 донесена на 24 седница на Наставничкиот совет на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија" Скопје, одржана на ден 20. 09. 2023 година определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор во сите наставни звања од полето 507 Политички науки во областа на Дипломатијата 50705 при „Факултетот за бизнис економија" од Скопје.

Јавниот конкурсот за избор на наставник во сите наставни звања од полето 507 во областа на Дипломатијата беше објавен во дневниот весник „Слободен печат" на 06.09.2023 година, и во предвидениот рок се пријави м-р. Александар Ружин

Членовите на рецензентската комисија, согласно член 172 од Законот за високо образование( Сл.Весник на РМ бр.82/18) и Правилникот за критериумите и постапката за избор во звања на ПВУ ВСШ „Факултет за бизнис економија '' Скопје, а во врска со објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставни звања во областа на Политичките науки-Дипломатија врз основа на деталниот увид на приложената документација, на Наставничкиот совет му го поднесува следниот

# ИЗВЕШТАЈ

## 1. Биографски податоци

Кандидатот м-р. Александар РУЖИН е роден на 01. 02. 1983 година во Париз. Основно образование завршил во Скопје. Поради заминување на родителите во дипломатска мисија се кандидирал за прием во афирмираната *American School of Paris* која успешно ја завршил во 2001 г. Во 2002 бил примен на Универзитетот Сорбона – Париз –Пантеон,-Катедра Политички и економски науки, каде завршува две години но заради завршување на мандатот на неговите родители се враќа во Македонија. Благодарение на престојот во американската гимназија и во Париз, течно владее и пишува француски и англиски јазик.

Во 2004-2008 година дипломирал на Филозофскиот Факултет- Катедра Социјална политика и социјална работа со просечна оценка 9,45 и со дипломска работа со наслов *„Еконономско-социјалните и политичките аспекти на миграционите движења"*.

Во 2012 година се запишал на Магистерските студии при Универзитетот ФОН-Скопје каде во 2014г го одбранил магистерскиот труд со наслов *" Фактори кои влијаеа врз брзата транзиција на Шпанија од диктатура во либерална демократија"* под менторство на Проф.д-р. Димитар МИРЧЕВ, со просечна оценка 9,75.

Скенирано со CamScanner

Паралелно со студиите работи како Генерален менаџер во компанијата Бенелукс-Тјунинг – Скопје Експорт-Импорт меѓу 2008 и 2016. Меѓу 2017 – 2019 работи како Претседател на Бордот за материјална и финансиска контрола во јавното претпријатие за патишта.

Во 2019 именуван е за советник на Перемиерот Зоран Заев за економска, социјална и културна соработка со земјите на Бенелукс и Франција

**Учество на меѓународни конференции и настапи**

-Во 2001 учесник е на јуниорската конференција на Евроатланскиот – партнерски совет на тема -EAPC-Conference on Ten Years of partnership and cooperation – NATO science exhibit – Bruxelles , 26.10.2001 каде дискутира на тема „ Macedonia and NATO" каде добива специјален сертификат како најмлад учесник

-Во 2002 е учесник на Конференцијата „Youth Atlantic threty association-YATA" под раководство на Theodosis Georgiu. Темата на нстапот е „Младите на Балканот и изгубените илузии"

-Во 2003 учествува на Конференцијата на Младите европски федералисте- JEF во Брисел на тема „ Каде оди Балканот и какви се преспективите на младите"?

-Во 2003 учествува на конференцијата на средба на младите од Европа и младите од поранешшните комунистички држави на тема „ Les jeunnes de l UE et de PECO-quels perspectives" Le palais Royale de Bruxelles, 22.10.2003, под покровителство на Кралицата на Белгија.

-Во 2004 поканет на меѓународна конференција на IFRI – Institut francais des relations internationals- организатор бил Ives des Montbriale, тема "Les jeunes et l EuropeE" настап со тема - „Младите на Балканот" ( Les jeunes aux Balkans)

-Во 2006 учествува на меѓународната конференција во Марибор оргфанизирана од страна на Факултетот за правни-политички и економски науки со тема " До каде е со лобирањето во државите на поранешна Југославија", настапува со тема „Социјалните аспекти на младите во Македонија и влијанието на интердсните групи односно лоби-групите"

-Во 2007 учествува на Меѓународната конференција во Бањалука на тема „Социјални предизивици" со трудот "Компаративни разликипомеѓу урбаната и руралната локална заедница

-Во 2007 е кооптиран во тимот на Lobby групата (Bruxelles) на Проф.д-р. Борис Цизељ од Словенија каде се запознава со основните техники на деловна комуникација и лобирање.

Скенирано со CamScanner

-Во 2008 учествува на конференција посветена на лобирање, „Како да комуницираме“ Љубљана, 27.03.2008

-Од 2009 објавува серија текстови во „Слободен печат“ за прашања од демократијата, младите, медиумите, автократијата и тн

-Во 2010 настапува на тркалезната маса на Европскиот центар за мир и развој – Универзитет на ООН – на Младинскиот семинар со тема „ Каде оди Македонија“? 27.10. 2010

-Во 2011 настапува на истата конференција на ЕЦПД со тема – „Улогата на лобирaeто во светот и на Балканот“ (27 Октомври)

-Во 2012 на Конференцијата на ЕЦПД настапува со трудот „ Техники на лобирање“ ( 1-ви Ноември)

-Во 2013 учествува на семинарот The International Center for Leading Studies – The International Academy for Advanced Studies – 31.07.2013 на островот Крит под раководство на Др.Алики Митцакос и добива грант – признание

-Во 2013 учествува на The International Academy for Advanced Studies -The International Center for Leading Studies- Chania , Crete, Greece 28.07.2013, добива сертификат.

-Во 2014 на 27.06 магистрира на ФОН Унверзитетот на Факултетот за политички науки дипломатија и новинарство насока – Европска и меѓународна политика и дипломатија, магистрира со темата „Транзиција на Шпанија од дијтатура до либерална демократија“ под менторство на Проф.д-р. Димитар Мирчев, со просек на оценки 9,75.

-Во 2014- учествува на Конференцијата на ЕЦПД и настапува со темата „ Диктатура и Демократија“ (26.10.2014)

-Во 2015 учествува на Конференцијата на JEF- на тема „Младите, невладиниот сектор и институциите“ –Дом на млади , Скопје, 29.04.2015

-Во 2016 – учествува на Конференцијата на ЕЦПД (Белград) и настапува со тема „ Дипломатијата на Македонија денес“ (27 Октомври)

-Во 2017-учествува на Конференцијата на ЕЦПД (Белгард) со тема „ Лобирањето во поранешна Југославија и денешни перспективи“ ( 26 Октомври)

-Во 2018- учествива на Конференцијата на Институтот за меѓународни односи и стопанство, на тема “ Кина како економски и политичии предизвик“ (13.05)

-Во 2018 – учествива на Конференцијата на ЕЦПД- на тема „Меѓубалкански односи“ (27.10.2018)

-Во 2019 – учествува на Конференцијата на ЕЦПД со темата „ Транзиција во Македонија-студија на случај на Договорот од преспа“

Скенирано со CamScanner

-Во 2020 учествува на online конференција на ЕЦПД – на тема „Стратегија на дипломатско лобирање“ ( Октомври 27)

-Во 2021 е прогласен за Амбасадор на мирот од страна на Универзалната светска федерација во Мај во Тирана и настапува со темата “ Мирот на Балканот“

-Во 2022 учесник е на XI MEĐUNARODNA KONFERENCIJAZAPOŠLJAVANJE, OBRAZOVANJEI PREDUZETNIŠTVO - EEE22, организирана од страна на Visoka škola za poslovnu ekonomiju i preduzetništvo - Beograd

-Во 2023 поканет учесник е на XII MEĐUNARODNA KONFERENCIJA ZAPOŠLJAVANJE, OBRAZOVANJE I PREDUZETNIŠTVO - EEE23, организирана од страна на Visoka škola za poslovnu ekonomiju i preduzetništvo – Beograd со тема „ Лобирање и малите и средните претпријатија“

-Покана за улество на Конференцијата на Подгороички клуб и Универзалната федерација на мирот , 13 Октомври 2023

**Научно истражувачка дејност**

**<u>Објавени трудови во афирмирани меѓународни списанија-EBSO</u>**

**-Пратениците и лобирањето во ЕУ – Парламент - MPs and lobbying in the European Union - VIZIONE Skopje, ISSN: 1409-8962 printed from ISSN: 1857-9221-electronic form-Open Access Journals, EBSCO/www.visionsmagazine.org**

**- THE FUNCTION OF LOBBYING AND PUBLIC AUTHORITY, KNOWLEDGE - International Journal: Vol. 35 No. 5 (2019): Knowledge in practice https://ikm.mk/ojs/index.php/kij/article/view/1841**

**- THE EUROPEAN UNION FORUM FOR ECONOMIC LOBBYING, KNOWLEDGE - International Journal: Vol. 58 No. 1 (2023): The Teacher of The Future https://ikm.mk/ojs/index.php/kij/article/view/6099**

**- LESSONS AND STRATEGIES OF ECONOMIC LOBBYING IN THE EUROPEAN UNION, KNOWLEDGE - International Journal: Vol. 58 No. 1 (2023): The Teacher of The Future https://ikm.mk/ojs/index.php/kij/article/view/6103**

**Кога ги квантифицираме вредностите на работните обврски и ангажманот на кандидатот м-р. Александар РУЖИН согласно одредбите на Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни звања на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија“ во Скопје е оценет со 296,6 поени, за што во прилог на оваа рецензија има табеларен приказ.**

**Имајќи го предвид погоре наведеното на Наставничкиот совет му го даваме следниот**

Скенирано со CamScanner

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

**Рецензентската комисија по увид во документацијата поднесена со пријавата за распишаниот јавен конкурс за избор во наставно звање од областа на Политички науки –дипломатија , може да констатира дека кандидатот м-р Александар РУЖИН ги исполнува формалните услови согласно Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни звања на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија“ во Скопје.**

**Согласно Правилникот за критериуми и постапката за избор во звања на ПВУ ВСШ „Факултет за бизнис економија“ Скопје кандидатот м-р Александар РУЖИН ги исполнува критериумите на оаа институција за да се здобие со статус на предавач.**

**Рецензенската комисија може да констатира дека кандидатот м-р. Александар РУЖИН го има потребното искуство за избор во наставно звање предавач , има работно искуство во праксеолошката дејност како и има објавено повеќе научни и стручни трудови, покажува интерес, капацитет и способност за наставно образовна и научно истражувачка активност, кои се потребни за извршување на работните обврски како предавач во областа на Политички науки-дипломатија .**

**Врзоснованапретходноизнесеното,рецензентскатакомисијамупредлаганаНаставничкиотсоветдагоизберекандидатотм-р, Александар РУЖИН во наставно звањепредавач од областа на Политичките науки-дипломатијанаПВУ-ВСШ„Факултет за бизнис економија“ Скопје.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. **Проф.д-р. Јове КЕКЕНОВСКИ**

**Редеовен професор на Факултет за туризам и угостителство Охрид**
**Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола**

2. **Проф.д-р. Анита ГЛИГОРОВА**

**Вонреден професор на Факултет за правни и политички науки**

**ФОН Универзитет Скопје**

Скенирано со CamScanner

**д-р Никола ЃОРШОСКИ**

**Виш предавач на ПВУ ВСШ Факултет за бизнис економија Скопје**

**СКОПЈЕ Септември/Октомври 2023**

Скенирано со CamScanner